# СОНК СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ ДО ОПШТИНИТЕ ВО БОРБА ПРОТИВ КОВИД-19

**Почитуван/а г-дин/ѓа градоначалник,**

Од името на членовите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, Ви се обраќам со ова писмо со мое лично убедување дека ќе му посветите максимално внимание и дека во рамките на Вашите надлежности ќе постапите по него.

Имено, Вие како градоначалник и како Општина имате големи надлежности врз организирање на работата и воспитно-образовниот процес во училиштата од Вашата Општина, а особено во овој период на пандемија од смртоносниот вирус Ковид-19. Од таа причина, се обраќаме до Вас со упатување на неколку предлози од наша страна, со што сметаме дека ќе придонесеме заеднички во намалување на ризикот од ширење на заразата помеѓу вработените во училиштата и што е најважно, спречување на евентуални можни кобни последици.

1. Безусловно почитување на одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, при што директорите на училиштата треба да изготват и спроведат Изјава за безбедност за секое работно место. Исто така, согласно овој закон, да се изработи Проценка на ризик на работните места, како и утврдување на Ковид возраст на вработените.
2. Како резултат од погоренаведеното, Ви предлагаме да извршите реорганизација на работниците и тоа:

-повозрасните работници и работниците кои имаат поголема Ковид возраст да се префрлат на работни места коишто ќе бидат со помала можност за физички контакт со други луѓе односно со помал ризик од зараза;

-работниците кои своите работни обврски можат да ги извршуваат по електронски пат од далечина, да им се дозволи тоа да го прават во домашни услови;

-на сите оние наставници, кои изведуваат настава од далечина од училишните простории, доколку изразат желба тоа да го прават во домашни услови, со сопствен интернет, компјутер итн., тоа да им биде дозволено од страна на директорот;

-на оние наставници, коишто патуваат до училиштето со јавен градски превоз или групирани во приватни возила, каде што за жал нема соодветни услови за настава од далечина, по нивно барање да им се овозможи настава од далечина од дома;

-во паралелките каде што се изведува настава со физичко присуство, освен веќе пропишаните заштитни мерки и средства, да се користат и UV светилки кои што се докажани во стерилизација на просторот.

За дел од овие предложени конкретни мерки СОНК и МОН веќе разговараа и ги усогласија ставовите, а како резултат на тоа, од страна на Министерката за образование и наука, на 21.10.2020 година, беше упатено Известување до директорите на училиштата, со можност за организација и реорганизација на воспитно-образовниот процес.

**Почитуван/а,**

Во услови на секојдневно зголемен број на заразени и починати луѓе во државата, ова би бил наш заеднички скромен придонес во борбата за спречување од ширење на оваа опасна болест и од името на двете институции што ги претставуваме, како и според надлежностите што ги имаме, би биле пресреќни доколку се превземат конкретните предложени заштитни мерки и со тоа, како општествено одговорни лица, би спасиле можеби и многу човечки животи.

**Со почит,**

**Претседател,**

**Јаким Неделков  с.р.**

---

# СОНК БАРА ДА СЕ ПЛАТИ ЗГОЛЕМЕНИОТ ОБЕМ НА РАБОТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА

На денешната Прес-конференција, што се одржа пред седиштето на СОНК, со почитување на протоколите и строгите мерки на претпазливост, претседателот на СОНК, Јаким Неделков, јавно побара од директорите на училиштата да им се исплати додаток на плата за зголемен обем на работа, на оние работници коишто во месец октомври заради реализација на воспитно-образовниот процес беа ангажирани повеќе од законската норма. Од таа причина, ова е јавно укажување до сите директори да го почитуваат Законот за работни односи, Општиот колективен договор за јавен сектор и Известувањето од Министерство за образование и наука, со тоа што во платата за месец октомври, на сите оние коишто имаат прекувремена работа, да им се исплати додаток за прекувремена работа. Во спротивно, ние како синдикат, ќе реагираме во рамките на нашите надлежности и во согласност со сите закони за остварување на правата од работен однос на нашите членови.

Исто така, СОНК укажа, преку средствата за јавно информирање,на сите оние наставници кои работат онлајн настава од училиште и бараат доброволно да работат од дома, истото да

им се овозможи,заради заштита од Корона вирусот. Со тоа ќе се избегнат можностите за зараза на наставниците при патувањеод и до работа и контакти на работното место, а воедно ќе се заштеди одредена сума на средства за патување, од една страна и за затоплување на училниците, од друга страна. Уште еднаш потенцираме, да им се овозможи само на оние наставници, кои доброволно сакаат да ги користат сопствените ресурси – домашен интернет, домашен компјутер и домашна просторија.

СОНК побара од Министерството за образование и наука што поскоро да ја разгледа можноста за реализирање на наставата наместо со физичко присуство од 1-во до 3-то одделение, истата да се одвива онјалн во домашни услови. Исто така, да им се овозможи работа од дома и на  сите оние наставници коишто доброволно би се согласиле да ги користат сопствените ресурси, се со цел да се заштитат од можната инфекција, особено хронично болните и повозрасните работници.

---

# СОНК ДАВА СИЛНА ПОДДРШКА НА БАРАЊАТА И ПРОТЕСТОТ НА СИНДИКАТОТ НА ПОЛИЦИЈАТА

Од името на 30.000 членство на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, сакаме да ви испратиме силна поддршка во активностите што ги превзема вашиот синдикат односно Синдикатот на полицијата во Македонија – СПМ. Воедно, сакаме да ве увериме дека вие како членка на Конфедерацијата на слободни синдикати, каде што впрочем и СОНК припаѓа, имате отворена поддршка од сите нас, а особено заради оправданите барања коишто ги упатувате до

Министерството за внатрешни работи. Вие, како полициски службеници, кои согласно вашите овластувања треба да ги штитите и спроведувате законите во државата, соочени сте со дејствија против вас од страна на државна институција, што е спротивно на домашните и меѓународните закони и конвенции. Неприфатливо за сите нас е непризнавањето на СПМ од страна на МВР, во однос на сопирање на синдикална членарина, како и пресметките со синдикалните претставници на СПМ. Ова го сметаме за грубо мешање и спречување на синдикално организирање и дејствување. Исто така, неприфатливо е за нас синдикалците, коишто се бориме за почитување и унапредување на правата на работниците, како “награда” за нашите активности да бидеме незаконски распоредувани и деградирани на работното место. Енергично стоиме зад одбрана на правата и интересите на сите работници во државата и гласно протестираме за секакво влијание и мешање на власта на сите нивоа, во синдикалното организирање и дејствување. Полициските службеници, коишто се секогаш први во одбрана на мирот и стабилноста на нашата држава, треба да бидат и први на скалата за награда на вложениот труд. Исто така, социјалниот статус на вработените во МВР треба да биде достоен на тежината и важноста на професијата и работата што ја извршуваат.

СОНК е убеден дека вашиот организиран протест ќе биде успешен и дека вашите оправдани барања ќе бидат слушнати, сериозно сфатени и прифатени од надлежните во државата. Исто така, СОНК смета дека само здружени, единствени и вистински синдикати можат и треба да претставуваат сериозен фактор во државата, коишто ќе бидат почитувани од страна на надлежните. Сметаме дека во духот на вистински социјални партнери, по пат на социјален дијалог, ќе се изнајдат взаемно прифатливи решенија и за Синдикатот на полицијата и за Министерството за внатртешни работи. Во спротивно, за очекување се и дополнителни активности и притисоци од страна на СПМ, кои ќе добијат силна поддршка од СОНК и од гранските синдикати при КСС, како и меѓународните синдикални организации, каде што КСС е редовна членка.

**Со почит,**

**Претседател,**

**Јаким Неделков, с.р.**

---

# НЕКА НИ Е СРЕЌЕН СВЕТСКИОТ ДЕН НА УЧИТЕЛИТЕ

---

# СОНК ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

На 1-10-2020 година, кога званично и отпочна новата учебна 2020/2021 година, во Министерството за образование и наука се оствари работна средба помеѓу раководството на СОНК и министерката за образование и наука.

На работната средба, освен што се разговараше за почетокот на учебната година со сите предизвици и недостатоци, во услови на пандемија, се разговараше и по однос на Барањата, доставени од

СОНК на 14-09-2020 година (можат да се видат на веб страната на СОНК) до министерот за образование и наука, кои се однесуваат на одредени прашања во сите сфери на образованието и тоа:

- по однос на прашањето или поточно проблемот на поделбата на паралелките, согласно протоколите за работа во основното образование и поделбата на учениците, онаму каде што се изведува настава со физичко присуство, при што ќе се зголеми обемот на работата на наставниците, беше договорено секоја општина да направи анализа и да изнајде решение со вработувања на наставници за итни и неодложни работи или да се изврши обештетување согласно Законот за работни односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија.
- по однос на доставените Барања од страна на СОНК, во кои се вградени сите горливи прашања во сите сфери на образованието, генерално беше постигнат договор да се формираат работни групи и да се отпочне со преговори по сите отворени прашања од барањата.
- како едно од најитните и приоритетни прашања,за што се согласија и двете страни, беше отпочнување на преговори за изготвување на колективен договор за високо образование и наука и беше договорено, во најкус можен рок , да се формира работна група и да се отпочне со изготвување на колективниот договор, во кој што, како основица за пресметка на платите би била минималната плата на ниво на држава.

СОНК и во овој случај, сака да го охрабри и убеди своето членство, дека само преку искрен и коректен социјален дијалог на сите нивоа, секако отпочнувајќи на ниво на работодавач – установа, на ниво на локална самоуправа – општина и на централно ниво, може да се дојде до постигнување на договор, односно решавање на проблемите.

# ОТВОРЕНО ПИСМО ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

**До**

**Наставници од ООУ “Гоце Делчев” – Центар**

Почитувани колеги, наставници од ООУ ,,Гоце Делчев" – Центар, наставници и вработени во сите основни и средни училишта во Македонија, членови на СОНК, членови на други синдикати, невладини организации, пленуми, здруженија на фб групи….

Како претседател на СОНК, со ова отворено писмо сакам да ви се обратам на сите вработени во училиштата, без разлика на кое работно место се наоѓате, но, особено на наставниците во овој случај, бидејќи повод за ова мое обраќање е писмото и прозивката кон СОНК од група наставници од ООУ ,,Гоце Делчев" – Центар, кое е испратено по електронска пошта до СОНК, но е исто така објавено и на социјалните мрежи, односно на фб, во групата на здружение на просветни работници.

Така како што доликува на една сериозна организација, како што е СОНК, на писмено барање одговараме писмено, а бидејќи е објавено и на социјалните мрежи, сметам дека е добро ова писмо да го споделиме со сите наставници кои се членови на споменатата група. За сите би било добро да го слушнат ставот на СОНК во однос на проблемите поврзани со почетокот на новата учебна година.

Пред се, морам да искажам согласување со констатацијата дека

во овој тежок период за сите нас и тоа како сме си потребни едни на други, на Вас членовите на СОНК и на нас, раководството на СОНК. Впрочем, раководството не е СОНК, туку сите заедно, околу 28000 членови.Од таа причина, легитимно е да ве слушнеме, како и досега, секогаш кога сте се обратиле до нас.

Фактите говорат дека СОНК веднаш по соопштување на планот за работа на основните и средни училишта, донесен од МОН, веднаш реагираше и го искажа своето несогласување во делот на организирање и реализирање на новата учебна година. Навистина не ни е јасно, од која причина го игнорирате овој факт, кој го поткрепувам со безброј мои изјави и интервјуа на националните телевизии, како и на фб-страната на СОНК. Барем ова може лесно да се провери. Или можеби не следите медиуми или пак, не знаете и дека постои фб страна на СОНК?! Зошто се поставува прашањето до СОНК за фрустрација и се става во исти кош со МОН и БРО? Зарем не ви е јасно дека секој како институција има свои надлежности? Проблемот околу техничката подготвеност на училиштата е исклучиво проблем на надлежните за тоа, а тоа се МОН, општините и училиштата. Каде е тука вината на СОНК? Или повторно не го слушнавте нашиот став што секојдневно го кажуваме околу подготвеноста на училиштата со технички средства за одвивање на наставата? Многу транспарентно кажавме дека доколку не се обезбедат услови за работа, работниците (наставниците) нема да бидат во можност да работат и нема да работат. Каде е вината на раководството на СОНК, ако се врши притисок врз наставниците сами да обезбедат компјутери и да ги користат за службени потреби? Зарем не треба да се искаже ставот на СОНК од самите Вас во вашата синдикална организација?! Уште еднаш повторувам, тоа е обврска на работодавачот, т.е училиштето. Зарем не го слушате и гледате ставот на СОНК околу дуплирање на бројот на часови во дел на училишта ширум државата од 1 до 3 одделение, со делење на паралелките? Ова е синдикално прашање и ниту во еден момент СОНК не се поколеба да застане во одбрана на правата на наставниците. Тоа што досега не е усогласено решението за

проблемот, не може да се каже дека СОНК е единствениот виновник. Сепак постојат и други фактори со кои треба да се усогласат ставовите, а тоа се МОН и општините. И така како што вчера беше објавено во медиумите, очекуваме што побрзо да го надминеме овој сериозен проблем.

И покрај се што правиме во овој тензичен период за сите нас, вие не прашувате што прави СОНК? Зарем СОНК е причината за фрустрацијата на сопственото членство? Зарем СОНК е виновен што платформата за работа на далечина е донесена прекасно и сеуште не профункционира? Зарем СОНК е виновен што имате ангажмани и за викенд, каде споделувате лозинки со учениците или во доцните вечерни часови го тестирате системот односно платформата? Сепак, сметам дека вашето незадоволство треба да го насочите кон оние кои го предизвикале тоа. Сосема е легитимно вие да се обратите и да го информирате раководството на СОНК на сите нивоа, да образложите и да побарате помош и поддршка за решавање на проблемот. Не е во ред да прифаќате секакви противзаконски наредби од директорите, а за тоа да биде виновен СОНК, поточно раководството на СОНК. Во изминатите неколку дена извршивме посета на неколку основни училишта во Скопје, заедно со министерката за образование и наука и градоначалниците на општините, со цел да се провери подготвеноста за стартот на новата учевна година. Без исклучок, сите наставници кои беа прашани како се одвива подготовката, со најбирани пофални зборови кажуваа дека се е во ред. Спротивно на ова тврдење, наставниците зад тастатурите или на друг начин го критикуваат и обвинуваат СОНК за проблемите околу отпочнување на новата учебна година, иако ќе се согласите дека имаме најмалку вина околу настанатата ситуација.

Не сакам ова мое образложение ни најмалку да се сфати како бегање од одговорноста и дека се некој друг е виновен, а не СОНК, односно раководството на СОНК. Напротив, јас сум свесен дека кој работи тој и греши и дека секогаш може подобро. Но, подобро ќе биде, сигурен сум, кога критиките ќе бидат упатени

кон СОНК со добра намера и сите заедно ќе се заложиме, со заеднички сили да дојдеме до посакуваната цел. Повторувам, сите заедно. Не е доволно само да сте член на СОНК, да плаќате членарина и со тоа да завршат обврските кон сопствената организација. Треба многу повеќе активност, иницијативност, борбеност, истрајност. Со ова не би сакал никого да повредам или навредам, но, прашувате каде е СОНК сега да повика на штрајк? Дали сте сигурни дека е време за штрајк и дека штрајкот ќе успее? Дали сте размислиле што ќе биде со СОНК и со вас, доколку се донесе одлука за штрајк, се влезе во штрајк и повторно од познати причини членството ќе направи опструкција, ќе си го земе дневникот и ќе си отиде на час?! Или сметате дека е доволно само да се повика на штрајк, па макар  и да биде чист популизам, без искрено да се верува дека навистина е тоа единственото решение за надминување на проблемите во образованието. Знам дека вашата организација е една од посолидните синдикални организации кои ги почитувале и спроведувале одлуките на СОНК, меѓу кои и учеството во последниот генерален штрајк на СОНК во 2015 година. За жал, постојат релативно голем број на организации, коишто неможат да се пофалат со некакви посебни резултати во учество во синдикални активности.

Од принципиелни причини досега не сме реагирале и коментирале објави и коментари на членови на групата, кои за сите проблеми во образованието, редовно, без исклучок, жестоко го критикувале и обвинувале СОНК за таквата состојба. Сепак, сметавме дека секој има право на свое мислење и коментар, без разлика што знаеме и убедени сме дека најмногу коментарите се од лични, политички или други причини. Никогаш досега не сме реагирале на грубите лаги и клевети на некои организации што се нарекувале пленуми или синдикат, се со цел да се девалвира работата на СОНК, неговата работа, резултатите, силата, моќта, позицијата како партнер на власта на сите нивоа. Интереси за ослабување и разнебитисување имало и во минатото, имаат и сега и ќе имаат и понатака разни критичари и ,,добронамерници” на фелата.  Но, целите се други, сите тоа добро го знаеме –  што

е можно повеќе да се ослабе единствената организација која се грижи за правата и интересите на вработените во сите нивоа на образованието, науката и културата. Е тоа, бидете сигурни, нема да се случи ниту лесно, ниту брзо, ниту воопшто, затоа што оваа организација е ваша, вам ви припаѓа и за среќа многу брзо и лесно се откриваат целите и намерите на поедини личности.

СОНК е конструктивен синдикат, којштo го почитува плурализмот и во синдикалното организирање и дејствување, но, отвореното дејствување против СОНК и континуираното молење и барање до просветните работници да се отчленат односно зачленат во еден друг синдикат, во најмала рака е невкусен, очајнички обид да се придобие што повеќе членство во таа организација, ветувајќи репрезентативност, ветувајќи мед и млеко за просветните работници кога ќе имале преговарачка моќ, па замислете дури и право на штрајк. Ова е мое прво и последно укажување за таквата организација, којашто има магично стапче во рацете на диригентот односно претседателот и неколкуминатa членови во раководството на таа организација. И на крајот на ова отворено писмо, за потсетување и за да не се заборави, оваа ваша организација, којашто ја водам подолг временски период, со променлив интензитет на успони и падови, со последните неколку години има помогнато на огромен број на наши членови за трајно вработување, добиено безброј судски пресуди, финансиска помош во согласност со Правилникот на Фондот на СОНК, како и активно учество во организирање и реализирање на повеќе протести ширум државата, за подигнување на социјалниот статус на просветните работници. Во последните неколку години, заедно со МОН, успеавме да реализираме соодветно зголемување на платите во образованието, активно и енергично реагиравме против идејата за намалување на платите на наставниците во висина на минималната плата, отворено се грижиме за здравјето и безбедноста на вработените во текот на пандемијата и т.н. Ова се дел од одговорите на прашањето “што направи СОНК за нас”? И на крајот, не заборавајте дека вие сте СОНК, дека СОНК е ваша организација и дека неверувањето во најголемиот,

најсилниот и најдокажаниот синдикат во државата е неверување сам во себе. А тоа не е добро.

**Со почит,**

**Претседател,**

**с.р. Јаким Неделков**

---

# ПОСЕТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ ПРЕД ПОЧЕТОК НА УЧЕБНАТА ГОДИНА ВО ЕДНО ОД СКОПСКИТЕ УЧИЛИШТА

Во текот на денешниот ден, 24-09-2020 година, социјалните партнери на сите нивоа и тоа: претставници од Министерството за образование и наука, предводени од министерот Мила Царовска; претставници од СОНК, предводени од претседателот Јаким Неделков и претставници од Општина Кисела Вода, предводени од градоначалникот Филип Темелковски остварија работна посета на основното училиште „Невена Георгиева Дуња“, каде разговараа со директорот на училиштето, Хари Стојаноски и наставниците за подготовките за почетокот на училишната година, во услови на пандемија- Ковид 19.

Министерот за образование и наука, обраќајќи се пред медиумите и вработените во училиштето, нагласи дека оваа училишна година почнува во услови на пандемија, со многу предизвици, но она што е важно е дека сите заедно треба да покажеме грижа кон децата и нивниот развој и затоа наставата мора да почне. Ковид-19 е состојба која мораме со заеднички сили да ја надминеме најдобро што можеме, секако да се грижиме за здравјето на наставниците и учениците, но и да се погрижиме образованието да тече со квалитет што ќе може да се обезбеди во една ваква пандемија.




Претседателот на СОНК пак, истакна дека за синдикатот важно е тоа што сите чинители на воспитно-образовниот процес заеднички соработуваат, зашто само така може, во период на пандемија, навреме и успешно да отпочне новата учебна година. Ние како Синдикат, организација којашто се грижи за обезбедување на правата на нашите членови, на вработените, денес може да констатираме во однос на подготовката на ова основно училиште, се разбира и на другите основни и средни училишта на национално ниво, до каде се подготовките во однос на обезбедување на мерките од протоколите, подготовките за обезбедување техничка поддршка за online настава, до каде се препораките за обезбедување здрава работна средина на

вработените во период на пандемија, како ќе се организира физичката настава, како ќе се делат групи, како ќе функционира online наставата. Ова е добар пример на заедничка соработка на сите чинители на воспитно-образовниот процес. Ние како Синдикат сме тука за да помогнеме на актуелните власти кои ја имаат најголемата одговорност за обезбедување коректни услови за отпочнување на учебната година. Тука сме за да бидеме коректори, да бидеме гласни, да укажуваме за се она што не е направено, а мора да се направи за да сите заеднички, безбедно и успешно ја почнеме и завршиме оваа учебна година“, изјави Неделков.

На работната средба пред присутните се обрати и градоначалникот на Општина Кисела Вода, кој истакна дека Општина Кисела Вода целосно ги почитува сите препораки. Дополнително, како општина, со ребаланс на буџетот, за сите општински училишта ќе се обезбедат дополнителни средства за обезбедување технички помагала, така што сите училишта ќе бидат целосно подготвени за да можат да отпочнат со online настава. Само преку координација и соработка меѓу сите министерства и институции може полесно да ја поминеме оваа состојба и да обезбедиме квалитетна едукација за најмладите, а тоа е основна цел на секое училиште“, изјави Темелковски.



СОНК е цврсто убеден дека само со ваков искрен и коректен социјален дијалог на сите нивоа, може да се надмине моменталната ситуација, но и ред други прашања кои подолг временски период ги тиштат вработените во сите сфери на образованието.

---

# СОНК УПАТИ БАРАЊЕ ДО МОН ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА РАБОТНА СРЕДБА

По остварената работна средба со министерот за образовани и наука, г-ѓа Мила Царовска и претседателот на СОНК, г-дин Јаким Неделков, беше договорено СОНК да изготви барања за актуелни прашања и проблеми во сферата на образованието, на сите нивоа.

На ден 14.09.2020 година, СОНК достави Барање до МОН за остварување на работна средба, кое може да го погледнете тука.

---

# ПРВА РАБОТНА СРЕДБА ПОМЕЃУ СОНК И МТСП

Денес, 10.09.2020 година, во просториите на Министерството за труд и социјална политика е остварена прва работна средба помеѓу министерот за труд и социјална политика, г-ѓа Јагода Шахпаска и претседателот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, г-дин Јаким Неделков.

На работната средба беа отворени повеќе прашања во надлежност на двете институции, а со цел надминување на одредени проблеми кои ги засегаат вработените во установите за згрижување и воспитување на децата – детските градинки.

Главен акцент, од страна на претседателот на СОНК, беше ставен на прашањето околу работното време на воспитувачите и негувателите во детските градинки.

На работната средба, по однос на ова прашање, министерката зазема цврст став за потребата за продолжување на работното време, поточно 40-часовно работно време, повикувајќи се на општествена одговорност од страна на секој граѓанин, во услови на пандемија од Ковид- 19.

Претседателот на СОНК укажа на почитување на Законот за заштита на деца и Колективниот договор, каде е регулирано работното време и за воспитувачите и за негувателите.

Од оваа причина, СОНК апелира до директорите од детските

градинки да ги почитуваат пропишаните важечки акти во нашата држава, кои ги регулираат поблиску правата и обврските на вработените од оваа дејност. Воедно ги охрабруваме членовите на СОНК да продолжат со работното време согласно Законот за заштита на деца и Колективниот договор, а доколку се наметне ново работно време од директорите, да бараат тоа да биде исклучиво наредба по писмен пат.

СОНК стои отворен за соработка со Министерството за труд и социјална политика и директорите на установите и се надева дека во најкраток можен рок, по пат на искрен социјален дијалог, ќе го надмине овој проблем, со што не би имало потреба од превземање на други чекори за заштита на правата на нашите членови.

---

# РАБОТНА СРЕДБА НА СОНК И МОН ВО ВРСКА СО ПОЧЕТОКОТ НА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА

Денес, во просториите на СОНК, под строги мерки на претпазливост и заштита од вирусот Ковид-19, се одржа online работна средба помеѓу членовите на Советот на СОНК и високи претставници од Министерството за образование и наука односно раководители на сектор за основно и средно образование и претставник од кабинетот на министерот. На работната средба се анализираа стратешките документи кои се од важно значење за безбедно и квалитетно отпочнување на воспитно-образовниот процес, односно отпочнување на новата учебна година во услови на пандемија од Ковид-19. Претставниците на МОН детално ги презентираа документите: План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година,

Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година и Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на Ковид-19. Од страна на СОНК беа поставени бројни прашања кои се од сферата на здравјето и безбедноста на работното место, почитување на законските одредби во однос на бројот на часови по наставник при поделба на една паралелка во две групи, изведување на online настава, техничка подготвеност на училиштата за изведување на online настава и т.н.

Советот на СОНК доби уверување од претставниците на МОН дека образовниот процес ќе се одвива во рамките на актуелните закони и веќе утврдените претходно спомената акти. Важно е да се спомене дека МОН има отворена врата за соработка со СОНК и дека за сите конструктивни предлози од СОНК, коишто ќе бидат доставени до МОН, ќе се посвети големо внимание и ќе се земат истите во предвид. Од таа причина, апелираме до сите членови на СОНК и воопшто до сите вработени во основно и средно образование, своите прашања и предлози да ги достават до претседателот на својата Синдикална организација или до Регионалниот одбор на СОНК, на која што припаѓа. Секако, предлози и прашања можете да поставите и директно на фб страната на СОНК, на ѕид или во порака.